Дали знаете што вели вашиот Господар?' Присутните рекоа: ,Тоа најдобро го знаат Аллах и Неговиот пратеник.' Рече: ,Некои мои робови се разбудија како верници а некои како неверници

Зејд ибн Халид ел Џухени, Аллах нека е задоволен со него, пренесува: „Божјиот пратеник нè предводеше на утринскиот (сабах) намаз кај Худејбије по една дождлива ноќ. По намазот се сврте кон луѓето и рече: ,Дали знаете што вели вашиот Господар?' Присутните рекоа: ,Тоа најдобро го знаат Аллах и Неговиот пратеник.' Рече: ,Некои мои робови се разбудија како верници а некои како неверници. Тие што рекоа: Врне дожд поради Аллаховата добрина и сомилост, се верници и тие не веруваат во планетите. Другите кои рекоа врне дожд поради оваа позиција на ѕвездите не веруваат во Мене, туку веруваат во планетите.'"

[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, го предводеше намазот во Худејбија, село во близина на Мека, по дождот што падна таа ноќ. Кога заврши со намазот, се сврте кон луѓето и ги праша: „Дали знаете што вели вашиот Господар?“ Тие одговорија: „Аллах и Неговиот Пратеник најдобро знаат.“ Тој рече: „Аллах објасни дека луѓето се делат на две групи при паѓањето на дождот: едната група верува во Аллах, а другата не верува во Аллах. Оние кои велат: ,Дождот падна со Аллаховата добрина и самилост ' и му го припишуваат дождот на Аллах, тие се верници во Аллах, Создателот и Управителот на универзумот, и не веруваат во ѕвездите. Додека оние кои велат: ,Дождот падна поради позицијата на таа и таа ѕвезда’, тие се неверници во Аллах, а верници во ѕвездите." Ова е мало неверство (куфр) бидејќи го припишуваат дождот на ѕвездите, а Аллах не одредил ѕвездите да бидат ниту шеријатска ниту природна причина за дождот. Што се однесува до оние кои го припишуваат паѓањето на дождот и другите овоземски настани на движењето на ѕвездите, верувајќи дека тие се вистинските причинители на тие настани, тие направиле големо неверство.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65010